**З А П И С Н И К**
**од Сто и педесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 февруари 2026 година**

**Скопје, февруари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и педесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 февруари 2026 година**

Седницата започна во 14:15 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и Борко Ристовски, министер за спорт, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Годишен план за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2026 година

2. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2026 година, со Предлог – одлука

3. Годишен план за работа за 2026 година на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи

4. Годишна инвестициона програма за 2026 година, Програма за работа за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, со Предлог - одлука

5. Предлог - програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа за 2026 година

6. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица", Пробиштип за 2026 година, со Предлог-одлука

7. Инвестициона програма за 2026 година, Програма за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица", Кичево, со Предлог-одлука

8. Годишна инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, Програма за работа и развој за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, со дополнување и Предлог – одлука

9. Програма за работа за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, со дополнување и Предлог – одлука

10. Инвестициона програма, Програма за работа и развој и Финансиски план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година, со дополнување и Предлог - одлука

11. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје за 2026 година, со дополнување и Предлог – одлука

12. Програма за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје за 2026 година, со Финансиски план и дополнување

13. Годишна инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог - одлука

14. Годишна програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2026 година, со Финансискиот план и дополнување

15. Годишна инвестициона програма за 2026 година, Програма за работа за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Јавното претпријатие „Стрежево", Битола, со Предлог – одлука

16. Информација во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година

17. Финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост

18. Годишна програма за работа за 2026 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со дополнување

19. Финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

20. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски - инциденти MKD-CIRT за 2026 година на Агенцијата за електронски комуникации, со Предлог - одлука

21. Годишен финансиски план за 2026 година на Агенцијата за планирање на просторот, со Предлог - одлука

22. Годишна програма за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2026 година, со Предлог - одлука

23. Предлог - програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2026 година

24. Предлог - програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство за 2026 година

25. Предлог - програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2026 година

26. Годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2026 година, со Предлог - одлука

27. Финансиски план за 2026 година и Годишна програма за работа за 2026 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог - одлука

28. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог - одлука

29. Годишна програма на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2026 година, со Финансиски план и Предлог - одлука

30. Финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со табеларни прегледи

31. План за работа за 2026 година на Државниот архив на Република Северна Македонија

32. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2026 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2026 година, со Предлог - одлука

33. Годишна програма за работа за 2026 година на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

34. Годишен финансиски план за 2026 година на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

35. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог - одлука

36. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог - одлука

37. Предлог - програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2026 година, со прилози

38. Годишна програма за работа за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Управата за финансиско разузнавање

39. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активностите, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

40. Предлог - уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година

41. Предлог - програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година

42. Предлог - програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2026 година

43. Предлог - програма за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје за 2026 година

44. Предлог - програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2026 година

45. Предлог - програма за водостопанство за 2026 година

46. Предлог - програма за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2026 година

47. Предлог - програма за проширена репродукција на шумите за 2026 година

48. Предлог - програма за работи од обласа на хидрометеоролошката дејност во 2026 година

49. Предлог - програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2026 година

50. Предлог - програма за фитосанитарна политика за 2026 година

51. Предлог - програма за семе и саден  материјал во 2026 година

52. Предлог - програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година

53. Предлог - програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година

54. Предлог - програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година

55. Предлог - програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2026 година

56. Предлог - програма за поттикнување за снабдување со гас во домаќинствата за 2026 година

57. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година

58. Предлог годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2026 година

59. Предлог - програма за изменување на Програмата за распределба и користење на средства за реализација на проекти од сообраќајната инфраструктура за 2026 година

60. Предлог - програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2026 година

61. Предлог - програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија за 2026 година

62. Предлог - програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2026 година

63. Предлог - програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година

64. Предлог - програма за рамномерен регионален развој за 2026 година

65. Предлог - програма за одбележување на годишнина на Рамковниот договор за 2026 година

66. Предлог - програма за одбележување на националниот ден на етничките заедници за 2026 година

67. Предлог - програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на гарантирана минимална помош, како и на членовите на нивните домаќинства и на корисниците на правото на социјална сигурност на старите лица во Република Северна Македонија за 2026 година

68. Предлог - програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2026 година

69. Предлог - програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2026 година

70. Предлог - програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2026 година

71. Предлог - програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2026 година

72. Предлог - програма за развој на спорт и млади за 2026 година

73. Предлог - програма за субвенции од областа на спортот за 2026 година

74. Годишна програма за работа на Центарот за развој на стручното образование за 2026 година, со Финансиски план

75. Информација за Годишниот финансиски план за 2026 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје (сметки 603, 785 и 787)

76. Програма за работата на Државниот испитен центар за 2026 година и Финансиски план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година (буџетска и самофинансирачка сметка)

77. Кадровски прашања

78. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и усвои Годишниот план за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2026 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2026 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2026 година.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа и усвои Годишниот план за работа за 2026 година на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ги разгледа Годишната инвестициона програма за 2026 година, Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, со Предлог – одлука и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче” – Велес.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа за 2026 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем ,,Злетовица“, Пробиштип за 2026 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем ,,Злетовица“, Пробиштип за 2026 година.

Истовремено, Владата ги разгледа Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип за 2026 година, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата по Инвестиционата програма за 2026 година, Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево за 2026 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ги разгледа Годишната инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, Програмата за работа и развој за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ –Скопје, со дополнувањето и со Предлог – одлука и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје.

2. Ги разгледа Програмата за работа и развој за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” – Скопје, како материјали за информирање.

**Точка 9**

Владата ги разгледа Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, со дополнување и Предлог – одлука и заклучи текстот на материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Инвестиционата програма, Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година, со дополнување и Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје за 2026 година, со дополнување и Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - п.о. - Скопје

**Точка 12**

Владата ја разгледа Програмата за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје за 2026 година, со Финансиски план и дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

Предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Годишната програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2026 година, со Финансискиот план и дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата ги разгледа Годишната инвестициона програма за 2026 година, Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие „Стрежево", Битола, со Предлог – одлука и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2026 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на директорот на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 17**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост за 2026 година и заклучи текстот на истиот да се усогласи, согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2026 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со дополнување, како материјал за информирање

**Точка 19**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2026 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT за 2026 година на Агенцијата за електронски комуникации, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2026 година.

**Точка 21**

Владата го разгледа Годишниот финансиски план за 2026 година на Агенцијата за планирање на просторот, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2026 година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Годишната програма за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2026 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2026 година.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2026 година.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство за 2026 година.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја донесе Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2026 година.

**<u>Точка 26</u>**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2026 година, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2026 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има превид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, планираните активности за 2026 година да се димензионираат и реализираат, во рамки на обезбедените буџетски средства.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ги разгледа Финансискиот план за 2026 година и Годишната програма за работа за 2026 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2026 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

2. Ја разгледа Годишната програма за работа за 2026 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како материјал за информирање.

**<u>Точка 28</u>**

Владата на предлог на Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд ја одложи од разгледување Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**<u>Точка 29</u>**

Владата ја разгледа Годишната програма на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2026 година, со Финансиски план и Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2026 година.

**Точка 30**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2026 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со табеларни прегледи, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата го разгледа и усвои Планот за работа за 2026 година на Државниот архив на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 32**

Владата ги разгледа Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2026 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2026 година, со Предлог-одлука и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2026 година.

2. Ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2026 година, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2026 година на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (усогласена со Министерството за финансии), со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 34**

Владата го разгледа Годишниот финансиски план за 2026 година на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за

давање на согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2026 година, со прилози и ја донесе Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 38**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Управата за финансиско разузнавање, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 39**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активностите, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 40**

Владата ја донесе Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година.

**Точка 41**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2026 година.

**Точка 43**

Владата ја донесе Програмата за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје за 2026 година.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2026 година.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за водостопанство за 2026 година.

**Точка 46**

Владата ја донесе Програмата за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за проширена репродукција на шумите за 2026 година.

**Точка 48**

Владата ја донесе Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2026 година.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2026 година.

**Точка 50**

Владата ја донесе Програмата за фитосанитарна политика за 2026 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Програмата за семе и саден материјал во 2026 година.

**Точка 52**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година.

**Точка 53**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 55**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2026 година.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за надоместување на дел од трошоците за извршен приклучок на систем за дистрибуција на гас во државата или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на систем за дистрибуција на гас во државата во 2026 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 57**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Предлог годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2026 година и условно ја донесе Програмата, со заклучок предлагачот да ја усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за распределба и користење на средства за реализација на проекти од сообраќајната инфраструктура за 2026 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2026 година.

**Точка 61**

Владата ја донесе Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија за 2026 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2026 година.

**Точка 63**

Владата ја донесе Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за рамномерен  регионален развој за 2026 година.

**Точка 65**

Владата ја донесе Програмата за одбележување на годишнина на Рамковниот договор за 2026 година.

**Точка 66**

Владата ја донесе Програмата за одбележување на националниот ден на етничките заедници за 2026 година.

**Точка 67**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на гарантирана минимална помош, како и на членовите на нивните домаќинства и на корисниците на правото на социјална сигурност на старите лица во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 68**

Владата ја донесе Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2026 година.

**Точка 69**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 70**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 71**

Владата ја донесе Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 72**

Владата ја донесе Програмата за развој на спорт и млади за 2026 година.

**Точка 73**

Владата ја донесе Програмата за субвенции од областа на спортот за 2026 година.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за развој на стручното образование за 2026 година, со Финансиски план, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот финансиски план за 2026 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните-Скопје (сметки 603, 785 и 787), како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ги разгледа Програмата за работата на Државниот испитен центар за 2026 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година (буџетска и самофинансирачка сметка), како материјал за информирање.

**Точка 77**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 78**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.